Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

## Извадок на дел од дневни настани 09.12.2019

На 08.12.2019 во 12.30, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„11 Октомври" од слобода ги лишиле О.Н.(29) и Н.А.(28), двајцата од Скопје, поради тоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.12.2019 во 04.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје, во нас. Илинден го лишиле од слобода К.Д.(22) од с.Марино, скопско, поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.12.2019 во Полициската станица Кисела Вода приведени се С.Љ.(21) и Д.М.(21), двајцата од Скопје, поради сомнение дека околу 15.10 часот во Градски парк кај езерцето, физички ги нападнале Е.К.(24), Љ.К.(19) и М.Б.(18), сите од Косово. Известен е Јавен обвинител. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.12.2109 во 18.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.К.(60) од Скопје пријавил дека во 11.00 часот на ул.„Димо Хаџи Димов" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 08.12.2019 во 15.40 часот на крстосницата од бул.„Словенија" и ул. „Качанички пат" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген", со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.А.(52) од Скопје и патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(41) од с.Батинци, скопско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле Г.А. и Д.Х.(21), сопатничка во неговото возило, додека возачот С.М. и сопатникот во неговото возило Г.Л.(27) од Р.Албанија, се здобиле со телесни повреди. Тие биле пренесени во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 09.12.2019 во 09.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Е.М.(55) од Скопје пријавила дека на 08.12.2019 околу 09.00 часот на улица „Борис Сарафов" била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Н.П(39), М.Т.(54) и И.Т.(51), сите од Скопје, вработени во Бирото за метрологија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Н.П. изготвил и потпишал потврда за отворање на постапка за идентификација, со која на жител од Кичево му потврдил статус „државјани на РСМ кои се враќаат од странство", а која се однесувала за товарно возило кое не го исполнувало законски предвидениот ЕУРО стандард, по што внел податоци од негов колега, без негово знаење и согласност. М.Т., како раководител во Бирото за метрологија, ја потпишал изготвената потврда, без да се увери дека нема потпис од изготвувачот и дека копијата од странската сообраќајна дозвола не била заверена на нотар. И.Т., во својство на помошник раководител во Бирото, нелегалната потврда ја потпишал и ја заверил со службен печат од Бирото за метеорологија.

На 08.12.2019 во 22.20 часот на магистралниот пат Делчево – Штип, на влезот во с.Облешево, патничко возило „форд" со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(23) од с.Стар Караорман, удрило во пешакот Т.Ј.(56) од Штип. Во незгодата Т.Ј. починал, а смрт констатирал лекар од Итна

медицинска помош. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициската станица Кочани, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 08.12.2019 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во зграда на ул.„Рузвелтова", настанал пожар во стан на петтиот кат, сопственост на Ч.Б.(58) од Скопје. Притоа, била зафатена и терасата на шестиот кат. Пожарот бил локализиран од екипа Противпожарната бригада Скопје. Повредени лица нема, а еден од станарите и еден полициски службеник биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" – Скопје поради вдишување чад.

На 09.12.2019 во 01.30 часот во Полициската станица Центар, А.К.(20) од Скопје пријавил дека околу 00.45 часот на ул.„Филип Втори Македонски", тој и С.И.(23) од Скопје биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2019 во 13.30 часот во СВР Струмица, Т.Т.(29) од Струмица пријавил дека околу 04.30 часот на плоштадот „Гоце Делчев" во Струмица, додека бил со четворица негови другари, бил физички нападнат од лицето А.Р.(24) од Струмица, кој, исто така, бил со неколку другари. Истиот ден, во 21.40 часот во СВР Струмица, А.Р.(24) од Струмица пријавил дека околу 04.30 часот на плоштадот „Гоце Делчев" во Струмица бил физички нападнат од Т.Т. од Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2019 во СВР Скопје е пријавено дека во 17.00 часот на ул. „Методија Митевски", пред продажен објект, полицискиот службеник Ј.Ј., кој во моментот не бил на работа, се обидел да запре две лица за кои се посомневал дека ќе извршат кривично дело во објектот. Кон него бил испукан проектил од огнено оружје. Ј.Ј. се здобил со повреда во раката и бил префрлен здравствена установа за укажување на лекарска помош. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.12.2019 во 20.35 часот во Полициската станица Гостивар, Д.И.(36) од Гостивар, тројца малолетници од Гостивар, заедно со нивните родители, пријавиле дека околу 19.10 часот во населба Малеарди во Гостивар биле физички нападнати од неколку малолетници, од кои дел ги познавале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2019 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека ул.„Втора македонска бригада" во Скопје, бил пронајден В.Н.(29), кој имал убодна рана. В.Н. бил префрлен во Ургентен центар за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2019 во 19.36 часот во СВР Скопје било пријавено дека на семејна веселба во угостителски објект на влез во с.Студеничани, скопско, биле испукани куршуми. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2019 во 20.00 часот во Полициско одделение Арачиново, Н.С. пријавила дека околу 17.00 часот од нивната куќа насилно била однесена нејзината 16 годишна ќерка од страна на А.С.(22) од Арачиново, со кого малолетничката била во љубовна врска. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)